# ЗАПИСНИК

од 8-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС,
Скопје, 5 јуни, 2025 г.

**Присутни**:

Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Дејан Митески (В.Д. Градоначалник на Општина Аеродром), Ридван Ибраими (Градоначалник на Општина Арачиново), Звонко Пекевски (Градоначалник на Општина Берово), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола), Бесник Емши (Градоначалник на Општина Боговиње), Ристо Манчев (Градоначалник на Општина Босилово), Дејан Ристовски (со овластување од Јовица Илиевски, Градоначалник на Општина Брвеница), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Миле Петков (Градоначалник на Општина Виница), Ѓорге Попов (Претседател на Совет на Општина Гевгелија), Намик Дурмиши (Претседател на Совет на Општина Гостивар), Хекуран Дука (Градоначалник на Општина Дебар), Лазар Петров (Градоначалник на Општина Демир Капија), Никола Најдовски (Градоначалник на Општина Демир Хисар), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Коста Маневски (Градоначалник на Општина Зелениково), Борчо Коцев (Градоначалник на Општина Зрновци), Александар Георгиевски (Градоначалник на Општина Илинден), Димитар Костадиноски (Градоначалник на Општина Јегуновце), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Златко Ристов (Градоначалник на Општина Конче), Лазо Митев Претседател на Совет на Општина Кочани), Сашко Митоски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Николче Мискоски (Градоначалник на Општина Кривогаштани), Томе Христоски (Градоначалник на Општина Крушево), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Драганчо Саботковски (Градоначалник на Општина Могила), Горан Стојанов (Градоначалник на Општина Неготино), Стевче Стевановски (Градоначалник на Општина Новаци), Ѓорѓе Божинов (Градоначалник на Општина Ново Село), Борче Митевски (Градоначалник на Општина Петровец), Александар Китански (Градоначалник на Општина Пехчево), Алија Јаоски (Градоначалник на Општина Пласница), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп), Драган Анастасов (Градоначалник на Општина Пробиштип), Дејан Владев (Градоначалник на Општина Свети Николе), Стефче Трпковски (Градоначалник на Општина Сопиште), Бобан Цветановски (Заменик градоначалник на Општина Старо Нагоричане), Александар Ненчев (со овластување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Аријан Ибраим (Градоначалник на Општина Центар Жупа), Далибор Ангелов (Градоначалник на Општина Чешиново-Облешево), Сеад Исмаил (Претседател на Совет на Општина Шуто Оризари), Изабела Павловска (Претседател на Совет на Општина Крива Паланка), Светлана Колариќ (Претседател на Совет на Општина Кисела Вода).

**<u>Дискусија</u>**:

Генералното собрание констатираше дека на седницата присуствуваат 51 делегати со што истото може полноправно да одлучува.

На оваа седница Генералното собрание го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од седмата седница на Генералното собрание;
2. Обраќање на претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски;
3. Усвојување на Наративен и финансиски извештај на ЗЕЛС за 2024г.;
4. Одлука за изменување и дополнување на финансискиот план - буџетот на ЗЕЛС за 2025 година;
5. Разгледување на предлог моделите за децентрализација на центрите за социјална работа;
6. Разно - Дискусија;

**ПРВА ТОЧКА**: Усвојување на записникот од претходната седница на Генералното собрание

**ЗАКЛУЧОК**: Генералното собрание го усвои записникот од претходната седница едногласно, без гласови против или воздржани гласови.

**ВТОРА ТОЧКА**: Обраќање на Претседателот на ЗЕЛС пред Генералното собрание

Претседателот упати огромна благодарност до своите колеги градоначалници, до стручната служба на ЗЕЛС за поддршката која ја добиваше од нив за време на неговиот мандат како Претседател на ЗЕЛС заради што заедно се успеа да се направат огромни исчекори во насока на подобрување на условите за работа на локалната самоуправа.

Тој истакна дека претстојат локалните избори и денес можеби е и последната средба во овој состав на делегати на Генералното собрание на ЗЕЛС. Тој им честиташе на оние што се веќе ставени на листите за изборната трка за градоначалници или советници и изрази очекување да се спроведат фер и демократски избори. Во таа насока, како претседател на ЗЕЛС им се заблагодари на сите за поддршката што ја дадоа во изминатиот период. Тој укажа дека е вложен труд за да ја оправда довербата. Тој укажа дека активностите на ЗЕЛС, како и во претходните години, се реализираа во согласност со трите стратегиските цели: лобирање пред централната власт; јакнење на капацитетите на општинската администрација и поддршка на општините за непречено спроведување на електронските услуги. Актуелната Стратегија на ЗЕЛС истекува оваа година и веќе се започна со подготвување на нова Стратегија за периодот 2026-2030 година. Формирано е работно тело, кое наскоро ќе се состане и ќе ги разгледа одговорите од прашалникот што беше доставен до сите општини и се очекува да биде изготвена и првичната предлог верзија на овој документ.
Во изминатата година ЗЕЛС поднесе низа иницијативи, барања за законски измени и барања за разрешување на големи предизвици. Беа остварени средби со голем број министри и претставници на други органи на централната власт. ЗЕЛС доби голема поддршка веднаш по парламентарните избори од новата Влада што даде нова динамика, ново темпо што вроди со резултати и напредок. Речиси само по два месеца од нејзиното формирање, Владата му укажа голема доверба на ЗЕЛС и веднаш го потпиша новиот Меморандум за соработка со ЗЕЛС.

Се отворија прашањата со образование, за комунална полиција, за финансирањето, за долговите на јавните претпријатија, за урбанизмот, за управувањето со градежното земјиште и многу други иницијативи. Општините се задоволни и од потпишаните договори за средства од популарно наречениот „Унгарски“ кредит.

На крај, Претседателот на ЗЕЛС укажа дека општините се должни да ја плаќаат членарината кон ЗЕЛС, заради тоа што таа е најголем извор на финансирање на оваа организација без која нема да може да се остварат целите кои се зацртани за развој на општините.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за усвојување на финансискиот извештај за работата на ЗЕЛС (завршна сметка) за 2024 г. и наративниот извештај.

Извештајот за финансиското работење на ЗЕЛС за 2024 г. и наративниот извештај се доставени во материјалите за оваа седница. Извршниот директор на ЗЕЛС укажа дека проектираните средства се прибрани во износ од 74%, а дека расходите се реализирани во износ од 87,5%, при што се јавува разлика која е надоместена од средствата од резерва на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание едногласно го усвои финансискиот извештај за работата на ЗЕЛС за 2024 година (завршна сметка) и наративниот извештај за работата на ЗЕЛС за 2024 г.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА:** Одлука за изменување и дополнување на Финансискиот план (буџетот на ЗЕЛС) за 2025 г.

Донесувањето на оваа Одлука се предлага заради донесената Одлука на Генералното собрание за утврдување на надомест за тековно одржување на податоците на софтверските апликации на клауд систем, која оваа година, во месец март, стапи на сила и по тој основ се очекува да се оствари приход кој со буџетот на ЗЕЛС не беше предвиден заради подоцнежното донесување на истата Одлука. Со истата Одлука се утврди висината на надоместокот кој општините треба да го платат, па следствено истото се одразува и врз проектираните приходи во рамките на буџетот на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно донесе Одлука за изменување и дополнување на финансискиот план – буџетот на ЗЕЛС за 2025 г.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Разгледување на предлог моделите за децентрализација на центрите за социјална работа;

Со оглед на актуелната иницијатива која на ниво на експертска група поддржана од повеќе државни органи и со вклученост на ЗЕЛС се развива концепт за целосна децентрализација на надлежноста во областа на социјалната заштита. Моделите кои се предлагаат се однесуваат на територијалната покриеност на актуелните центри за социјална заштита кои би преминале во надлежност на општините во кои во моментот истите имаат свое седиште, но финансиските средства за исплата на надоместоците по основ на социјална помош по сите основи би биле обезбедени од буџетот на Републиката.

ЗАКЛУЧОК: Генералното собрание донесе Заклучок со кој ја подржува иницијативата за децентрализација на надлежноста во областа на социјалната заштита под услов да се изврши целосно пренесување на средства од буџетот по сите основи, а истото да биде гарантирано со Закон.

**ШЕСТА ТОЧКА – РАЗНО:**

Во рамките на точката разно, Генералното собрание ја разгледа иницијативата поднеена од четири општини, Конче, Босилево, Ново Село и Василево за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки. Имено станува збор за измена на чл.40 ст.6 каде се бара вкупните вредности од 12.000 евра и 24.000 евра да бидат заменети со вкупни вредности од 24.000 и 48.000 евра, по што истиот ќе гласи: „Вкупната вредност на набавките под вредносните прагови од став (1) точки а), б),

и в) од овој закон не смее да надмине 24.000 евра во денарска противвредност во тековната година, додека кај договорните органи од член 9 став (1) точка г) од овој закон 48.000 евра во денарска противвредност во тековната година“.

Потребата од зголемување на вредносните прагови во чл.40 ст.6 од Законот за јавните набавки произлегува од тоа што цените на стоките, услугите и работите од 2019 година кога е внесена оваа одредба во Законот за јавните набавки, повеќекратно се зголемиле, со што праговите од 12.000 евра и 24.000 евра не придонесуваат за ефикасно и непречено работење на локалната самоуправа.
Со предложената измена многу постапки ќе се поедностават, а на договорните органи ќе им се даде можност да бидат многу поефикасни и поблиски до правилата на Европската Унија.

Само за потсетување, согласно законот, сегашната граница на поединечна набавка под вредносните прагови за класичниот јавен сектор е до 1.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или конкурс за избор на идејно решение, до 5.000 евра во денарска противредност за работи и 10.000 евра во денарска противредност за посебни услуги.

**ЗАКЛУЧОК**: Генералното собрание донесе Заклучок со кој утврдува дека оваа иницијатива, нејзината целисходност, модалитетите на истата и правните последици од истата ќе бидат разгледани на следната седница на овој орган на ЗЕЛС, во нов состав, со оглед дека ваквата иницијатива може да биде толкувана од политички аспект и да влијае на претстојната изборна кампања.

Скопје, 5 јуни, 2025 г.

Заедница на единиците на локалната
самоуправа – ЗЕЛС,
Претседател,
Орце Ѓорѓиевски